Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 21 став 1 точка 8 од Статутот на општина Василево (Службен гласник на општина Василево бр. бр.04/03,08/06 и 09/10), Советот на општина Василево на својата седница одржана на 31.10.2016 година ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**

за уредување просторот на градежното земјиште во руралните подрачја на општина Василево за 2017 година

Вовед:

Програма се донесува со цел за уредување на просторот во определени места. Програмата е со цел да овозможи задоволување на потребите на градежната оператива за изградба и реконструкција на објекти во населените места. Инаку во програмата се опфатени сите активности поврзани со расчистување на постојни инсталации и други пречки кои ќе се јават при отпочнувањето на реализацијата на програмата.

Со оваа програма се предвидува одредени објекти сопственост на општина Василево да им се изврши одредена адаптација и прилагодување со цел да бидат во функција на граѓаните.

Ова се однесува претежно на објектите како културните домови, школските дворови, и другите комерцијални објекти кои се сопственост на општината.

Степенот на реализација на програмата ќе се реализира согласно динамиката на прибирање на средствата од Буџетот на општина Василево.

член 1

А. Подготвителни работи:

- ✓ Расчистување на имотно-правни односи доколку постојат,
- ✓ Прибирање на урбанистичка документација и
- ✓ Изработка на инвестициона-техничка документација (проекти).

Б. Опремување на објектите со инфраструктура:

- ✓ Реконструкција на објекти во месните заедници (школи културни домови и слично),
- ✓ Оградување и заштита на просторот околу објектите сопственост на општината,
- ✓ Изградба на други објекти од областа на инфраструктурата.

член 2

Уредувањето и реконструкцијата на објектите и земјиштето ќе се врши од средствата што ќе се прибираат од:

- ✓ Буџетот на општина Василево од: 6.500.000 денари,

Вкупно: 6.500.000 денари

член 3

ФДА . Уредување на градежно земјиште во населените места во општина Василево

1. Изградба на повеќенаменско игралиште во с.Висока Маала средства од 2.500.000 денари;
2. Изградба на повеќенаменско игралиште во с.Доброшинци средства од 2.500.000 денари;
3. Изградба на детско игралиште во паркот во с.Василево средства од 500.000 денари;
4. Изградба на детско забавен парк во с.Ангелци средства од 1.000.000 денари;

Вкупно: 6.500.000 денари

член 4

Оваа Програма стапува во сила осмиот ден по објавувањето во Службениот гласник на општина Василево.

Бр.09-1985/1
01.11..2016г.
Василево

Совет на општина Василево
Претседател,
Драги Митев с.р